Вкупната вредност за УЗ Ваташа се менува од износ 3.200.000,00 на износ од 900.000,00 денари.

II УЗ „ЌИРО КРСТЕВ„ не се менува

III УЗ „СЛОГА„

-Позицијата под ред. бр.3 пешачка патека„Желков дол„ се брише.

Вкупната вредност за УЗ Слога се менува од износ 4.000.000,00 на износ од 3.200.000,00 денари.

IV. УЗ „ЗАДРУГАР„
-Позицијата под ред. бр.2 улица „Галишка„- поплочување се брише.

Вкупната вредност за УЗ Задругар се менува од износ 3.400.000,00 на износ од 2.700.000,00 денари.

V. УЗ „БРАЌА ЏУНОВИ„ не се менува

VI. УЗ„БРАЌА ДОСЕВИ„

-Позицијата под ред. бр.1 улица „Бабуна„-асфалтирање се брише.

Вкупната вредност за УЗ Браќа Досеви се менува од износ 2.800.000,00 на износ од 1.800.000,00 денари.

VII. УЗ„ЉУБАШ„

-Позицијата под ред. бр.2 улица„Моша Пијаде„ (кај новиот кружен тек – пробивење ) се брише,

Вкупната вредност за УЗ Љубаш се менува од износ 3 100.000,00 на износ од 2.800.000,00 денари.

**VIII. УЗ „КУЛА„** не се менува

**IX. УЗ „СТРАШО ПИНЏУР„**

-Позицијата под ред. бр.5 ул„Глигор Прличев„ потпорен зид се брише.

Вкупната вредност за УЗ Страшо Пинџур се менува од износ 7.150.000,00 на износ од 6.350.000,00 денари.

**X. УЗ „ГЛИШИЌ„**

-Позицијата под ред. бр.1 ул„Коле Неделковски„- потпорен зид се брише.
-Позицијата под ред. бр.2 ул„Коле Неделковски„-поплочување се брише.

Вкупната вредност за УЗ Глишиќ се менува од износ 1.550.000,00 се менува во износ од 350.000,00денари.

**XII. ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА ЗА ПРОЕКТИ НАДЗОР НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА** не се менува

**XIII. ИНТЕРВЕНЦИИ** - се брише вкупната вредност од 700.000,00 денари.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈАТА по МЗ се менува и гласи:**

| | | |
|---|---|---|
| I. | МЗ „Ваташа | 900.000,оо ден. |
| II. | УЗ„Киро Крстев“ | 3.400.000,оо ден. |
| III. | УЗ„Слога“ | 3.200.000,оо ден. |
| IV. | УЗ„Задругар“ | 2.700.000,оо ден. |
| V. | УЗ„Браќа Џунови“ | 2.050.000,оо ден. |
| VI. | УЗ„Браќа Досеви“ | 1.800.000,оо ден. |
| VII. | УЗ„Љубаш“ | 2.800.000,оо ден. |
| VIII. | УЗ „Кула“ | 4.800.000,оо ден. |
| IX. | УЗ „Страшо Пинџур“ | 6.350.000,оо ден. |
| X. | УЗ„ Глишиќ“ | 350.000,оо ден. |

XI. Проектирање,ревизија,надзор
на комунална изградба 7.500.000,оо ден.
XII. Интервенции 700.000,оо ден.

**СЕ: 36.550.000,оо денари**

-**Позиција** – Изградба на системи за водоснабдување - се брише.

-**Позиција** - Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води - се брише.

**Рекапитулација се менува и гласи**:

I. Изградба на улици, реконструкција на улици и други објекти по М.З. **36.550.000,оо денари.**

II. Изградба на системи за водоснабдување /

III. Изградба на системи за водоснабдување и пречистување на отпадни води /

**Вкупно: 36.550.000,00ден.**

**Насловот Селски месни заедници се брише**

Позиција 11- с.Раец - с.Ќесендре

-изработка на фекална канализација за с.Раец се брише,

Вкупната вредност за с. Раец се менува од 600.000 денари на сума од 400.000 денара.

Вкупната вредност за селски М.З. се менува од 8.800.000 денари на сума од 8.600.000 денари.

**В. Насловот Изградба на Јавни објекти се менува на следниот начин:**

-Позиција под ред.бр. 3 –Изградба на мали детски игралишта се брише.

-Позиција под ред.бр. 9 - Пазарче позади „ лепотици“- се брише.

-Позиција под ред.бр. 14 –Учество на Локална Самоуправа во изградба на центар за НВО - се брише.

Вкупната вредност се менува од 58.902.000,оо ден на сума 56.102.000 ,00денари.

**Г. Други комунални дејности**

**-Насловот „Одржување и регулирање на Јавниот сообраќај „**

Во позиција под реден број.4 -Изградба на подигнати пешачки премини, бр.2 се брише,

Вкупната сума се менува од 2.400.000,00 ден. на сума од 2.050.000 денари.

**-Насловот„Јавно осветлување“ - не се менува**
**-Насловот„Јавна чистота“ и „Јавно зеленило“ - не се менува**
**-Насловот„Дезинфекција,дезинсекција и дератизација“-не се менува.**

**Рекапитуларот за комунални услуги се менува и гласи:**

| | |
|---|---|
| -Одржување и регулирање на јавниот сообраќај | 2.050.000,оо ден. |
| -Јавно осветлување | 24.334.000,оо ден. |
| -Јавна чистота и Јавно зеленило | 9.500.000,оо ден. |
| -Дезинфекција, дезинсекција и дертатизаија | 300.000,оо ден. |
| **Вкупно:** | **36.184.000,оо ден.** |

**Вкупниот Рекапитулар се менува и гласи:**

| | |
|---|---|
| А. Изградба на улици, реконструкција на улици и други објекти по М.З. | 36.550.000,оо ден. |
| Б. Изградба на објекти во селски М.З. | 8.600.000,оо ден. |
| В. Изградба на Јавни објекти | 56.102.000,оо ден. |
| Г. Други комунални услуги | 36.184.000,оо ден. |
| **СЕ:** | **137.436.000,оо ден.** |

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Кавадарци.”

**Бр. 08-5343/4**
**13.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање и одржување на јавниот паркинг простор во Општина Кавадарци кое се остварува како концесија за јавна услуга**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање и одржување на јавниот паркинг простор во Општина Кавадарци кое се остварува како концесија за јавна услуга, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/5** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 169 став 1 алинеа 2 од Законот за јавни набавки (“Сл.весник на РМ” бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14,130/14, 180/14 и 75/15), а во врска со член 15 и член 21-а став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство(“Сл.Весник на РМ” бр.6/12,144/14 и 33/15), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
**За поништување на постапката за доделување на Договор за воспостаавување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање и одржување на јавниот паркинг простор во Општина Кавадарци кое се остварува како концесија за јавна услуга**

1.Со оваа Одлука се поништува постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање и одржување на јавниот паркинг простор во Општина Кавадарци кое се остварува како концесија за јавна услуга, спроведена со отворена постапка, по јавен оглас бр.1/15 (заведен под бр.19-3498/13 од 19.08.2015).

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр. 08-5343/5** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.11.2015 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП”Јасмин” Кавадарци за прво полугодие од 2015 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП”Јасмин” Кавадарци за прво полугодие од 2015

година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ 38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/205, 61/2015), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајќи по Извештајот за редовното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти”Мито Хаџи Василев-Јасмин” Кавадарци за I полугодие 2015 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година , донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот за редовното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти”Мито Хаџи Василев-Јасмин” Кавадарци за I полугодие 2015 година**

### Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за редовното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти”Мито Хаџи Василев-Јасмин” Кавадарци за I полугодие 2015 година, донесена на седницата на Управен Одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти”Мито Хаџи Василев-Јасмин” Кавадарци одржана на ден 07.10.2015 година .

### Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-5343/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.11.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**За објавување на Решението за формирање на Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди и други несреки**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за формирање на Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди и други несреки, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за Заштита и спасување („Сл.весник на РМ “бр.36/04; бр.49/04; бр.124/10; бр.41/14) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “бр.5/02),член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник 08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седница одржа на ден 13.11.2015 донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**За формирање на Комисија за процена на штета од елементарни и други непогоди**

1.Со ова решение се формира Комисија за проценка на штета од елементарни и други непогоди во состав :

1.Претседател Васко Керов дипл.агроном
2. Член Зоран Јованчев дипл.економист
3. Член Ванчо Колевски дипл.град.инж.
4.Член Владимир Клинчаров дипл.шум.инж.
5. Член Слободан Ивановски дипл.правник

2. Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природните непогоди, врши проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни и други непогоди.

Проценката и утврдувањето на висината на штетата ги опфака видот, обемот и висината на штетата, според подрачјето , дејноста, имотот, сопственоста и причината за настанување на штетата , согласно Единственита методологија за процена на штетите од елементарните и други непогоди.

3.За секоја елементарна непогода , Комисијата од член 1 на ова Решение е должна да изработи Елаборат за утврдена штета и да го достави до Советот на Општина Кавадарци .

4.Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци

**Бр. 08-5343/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.11.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за еднократен отпис на долгот по основ на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за еднократен отпис на долгот по основ на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за еднократно отпишување на долговите на граѓаните (“Сл.весник на РМ” бр.112/2014),член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за еднократен отпис на долгот по основ на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

**Член 1**

Со оваа Одлука еднократно се отпишува долгот по основ на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, на следните баратели/должници согласно одлуката за еднократен отпис на долг донесена од Комисија за постапување по барањата за еднократно отпишување на долговите на граѓаните при Министерство за труд и социјална политика и тоа :

| Ред.бр | Барател/Должник (име и презиме) | Бр.на Одлука за еднократен отпис на долг |
|---|---|---|
| 1. | Натка Ташева | 10-6808/33646 од 08.05.2015 година во износ од 765,оо денари |
| 2. | Мангала Младеновик | 10-6808/18080 од 08.05.2015 година во износ од 127,00 денари |
| 3. | Галип Шабановски | 10-6808/3097 од 04.05.2015 година Во износ од 2.169,00 денари |
| 4. | Атанас Богев | 10-6808/16982 од 11.05.2015 година Во износ од 576,00 денари |
| 5. | Борис Ризов | 10-6808/3104 од 22.05.2015 година Во износ од 1.675,94 денари |
| 6. | Бајрам Хамза | 10-6808/18059 од 03.05.2015 година Во износ од 1.180,00 денари |
| 7. | Сафет Селимов | 10-6808/3088 од 28.05.2015 година Во износ од 2.090,00 денари |
| 8. | Борјанка Николовска | 10-6808/2667 од 22.05.2015 година Во износ од 48,00 денари |

**Член 2**

Одлуката да се достави до барател/должник, до ЕВН и Центар за социјални работи ПЕ Кавадарци.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила веднаш со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-5343/8** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.11.2015 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Кавадарци 2015-2020**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Кавадарци 2015-2020, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/9**
**16.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.05/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавдадарци”бр.8/2005), расправајки по Стратегијата за Локален економски развој на Општина Кавадарци 2015-2020, Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1. СЕ УСВОЈУВА Стратегијата за Локален економски развој на Општина Кавадарци 2015-2020.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-5343/9**
**13.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### За објавување на Заклучокот за усвојување на Стратегијата за управување со ризици на Општина Кавадарци за 2015 година

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Стратегијата за управување со ризици на Општина Кавадарци за 2015 година , донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/10**
**16.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.05/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавдадарци”бр.8/2005), расправајки по Стратегијата за управување со ризици Општина Кавадарци 2015-2018, Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ УСВОЈУВА Стратегијата за управување со ризици Општина Кавадарци 2015-2018.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-5343/10**
**13.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на Детелаен урбанистички план за дел од Урбан блок 2 Г-Глишик, Мало стопанство, Општина Кавадарци, плански период 2013-2018**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за донесување на Детелаен урбанистички план за дел од Урбан блок 2 Г-Глишик, Мало стопанство, Општина Кавадарци, плански период 2013-2018, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/11**
**16.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 29 и член 41 точка 4 став од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 , 163/13, 42/14,199/14, 44/15), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

за донесување
Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 2 Г-Глишик,Мало Стопанство,Општина Кавадарци,плански период 2013-2018

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува за дел од Урбан блок 2 Г-Глишик,Мало Стопанство,Општина Кавадарци,плански период 2013-2018.

Документацијата за донесување за дел од Урбан блок 2 Г-Глишик,Мало Стопанство,Општина Кавадарци,плански период 2013-2018е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 163/13 и 42/14), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр. 78/06, 140/07; 12/09; 93/09, 142/10, 64/11, 98/11, 169/11) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Службен весник” бр.78/06).

### Член 2

Просторот за кој се донесува за дел од Урбан блок 2 Г-Глишик,Мало Стопанство,Општина Кавадарци,плански период 2013-2018, е со вкупна површина од 2,33 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е:

- Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување за дел од Урбан блок 2 Г-Глишик,Мало Стопанство,Општина Кавадарци,плански период 2013-2018.

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр. 24-13814/2 од 19.10.2015 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување за дел од Урбан блок 2 Г-Глишик,Мало Стопанство,Општина Кавадарци,плански период 2013-2018 ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци во 7 ( седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивата на Општината, еден во Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина при општина Кавадарци, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам – Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи ПЕ Кавадарци и еден примерок се изложува во просториите на Општина Кавадарци за достапност на јавноста.

**Член 5**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-5343/11**
**13.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5499/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 156 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.весник на на Општина Кавадарци" бр.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14 бр.199/14, 124/15 и 129/15), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ке се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. **Барање бр.14-4845** на барателот **Душан Дамов** од **ул.„Вано Гунев" бр.22 Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **станбен објект** изграден на **КП бр.405/2** во **КО Чемерско** на **м.в.Село**
   (надвор од опфатот, нема УП документација)

2. **Барање бр.14-7000** на барателот **Богдан Марковачев ул.Партизанска бр.44, Марена, Општина Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
– **станбен објект** изграден на **КП бр.2842/1 КО Марена** на **м.в.Село**
(надвор од опфатот, нема УП документација)

3. **Барање бр.14-3595** на барателот **МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА-ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА** од **бул.„Партизански Одреди“ бр. 12 Скопје-Центар** за утврдување на правен статус на бесправен објект
- **манастир** и
- **помошен манастирски објект**

изградени на **КП бр.4144/5 КО Кавадарци 1(ВОН)** на **м.в.Мали Љубаш**
(надвор од опфатот, нема УП документација)

4. **Барање** бр.**14-1578** на барателот **Славе Тренчев** од **с.Возарци, Општина Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект **станбен објект,** изграден на **КП бр.1249 КО Возарци** на **м.в. Село**
(надвор од опфатот, нема УП документација)

5. **Барање** бр.**14-2142** на барателот **Димо Ѓорѓиев ул.Пере Тошев бр.36,** с.**Росоман, Општина Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект - **викенд куќа,** изграден на **КП бр.24/1** во **КО Драдња** на **м.в.Голема Страна**
(надвор од опфатот, нема УП документација)

6. **Барање** бр.**14-4574** на барателот **Драганчо Ивчев од с.Возарци, Општина Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект - **викенд куќа,** изградени на **КП бр.378/1** во **КО Брушани** на **м.в.Страната**
(надвор од опфатот, нема УП документација)

7. **Барање** бр.**14-743** на барателот **Киро Пецевски од ул.Серава бр.72/4, Скопје** за утврдување на правен статус на бесправен објект - **викенд куќа,** изградени на **КП бр.645** во **КО Ресава** на **м.в.Крловец**
(надвор од опфатот, нема УП документација)

8. **Барање** бр.**14-3848** на барателот **Крсте Ѓорѓиев од ул.Владо Арсов-Шпанец бр.40 од Неготино** за утврдување на правен статус на бесправен објект – **станбен објект,** изграден на **КП бр.2182/4** во **КО Рожден** во с.**Мајдан**
(надвор од опфатот, нема УП документација)

9. **Барање** бр.**14-3877** на барателот **Оливера Велевска од ул.Браќа Хаџи Тефови бр.51, Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект - **викенд куќа,** изградени на **КП бр.61** во **КО Драдња** на **м.в.Голеш**
(надвор од опфатот, нема УП документација)

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-5343/12**
**13.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиште**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиште, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5499/13**
**16.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 156 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.весник на на Општина Кавадарци" бр.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14 бр.199/14, 124/15 и 129/15), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11. 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши усогласување на намената на бесправно изградените објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони со намената на земјиштето и општиот режим на градење, на тој начин што со идната урбанистичко планска документација ќе се изврши усогласување со состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

10. **Барање бр.14-3058** на барателот **Верка Крстева** од **ул.„Кирил и Методиј" бр. 6, Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
 – **деловен објект** изграден на КП **бр. 16483** во **КО Кавадарци 2**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-5343/13**
**13.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за донирање на моторно возило за остварување на проект од Јавен интерес, донесена на седница на Управен на ЈП”Комуналец” Кавадарци бр.02-863/5 од 28.10.2015 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на согласност на Одлуката за донирање на моторно возило за остварување на проект од Јавен интерес, донесена на седница на Управен на ЈП”Комуналец” Кавадарци бр.02-863/5 од 28.10.2015 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/14**
**16.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година , донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност**

**на Одлуката за донирање на моторно возило за остварување на проект од Јавен интерес**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за донирање на моторно возило за остварување на проект од Јавен интерес, донесена на седница на Управен Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци бр.02-863/5 од 28.10.2015 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр. 08-5343/14**
**13.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за преотстапување на управување на КП бр.7335/2, КП.бр.7335/3, КП.бр.7328/2 во м.в”Бели Камења” на ЈП “Комуналец” Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за преотстапување на управување на КП бр.7335/2, КП.бр.7335/3, КП.бр.7328/2 во м.в”Бели Камења” на ЈП “Комуналец” Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година (ДООЕЛ Мариово филм-Проект „Патуваме низ Македонија-патуваме низ Тиквешија”)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година (ДООЕЛ Мариово филм-Проект „Патуваме низ Македонија-патуваме низ Тиквешија”), донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002),член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05),Записник од Комисија за финансии и буџет бр.08-5346/2 од 11.11.2015 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржа на ден 13.11.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 30.000 денари на ДООЕЛ Мариово филм, со намена техничка и финансиска подршка на проектот ,,Патуваме низ Македонија-патуваме низ Тиквешијата,,.

Член 2

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година на следната жиро сметка

- 530010101639831-депонент Охридска Банка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-5343/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.11.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година**
**(Исламска Верска заедница-Џамиски Одбор)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година (Исламска Верска заедница-Џамиски Одбор), донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5499/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002),член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05),Записник од Комисија за финансии и буџет бр.08-5346/2 од 11.11.2015 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржа на ден 13.11.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 60.000 денари на Исламска Верска Заедница-Џамиски одбор - Кавадарци, за реновирање на градска џамија Кавадарци.

Член 2

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година на Исламска Верска Заедница на следната трансакциона сметка:

-200001156388984 депонент Стопанска Банка

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-5343/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.11.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година**
**(Стрелачки клуб)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година (Стрелачки клуб), донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

3. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година на здружението„Кавадион”**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година на здружението “Кавадион”, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 13.11.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5499/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.11.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002),член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05),Записник од Комисија за финансии и буџет бр.08-5484/1 од 13.11.2015 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 80.000,00 денари на Здружението” Кавадион” од Кавадарци за видео проект заштита и промовирање на народните приказни од Тиквешијата.

Член 2

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година и ќе се исплатат на жиро-сметка на Здружението.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-5343/19**
**13.11.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**